РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. УП-1-10-13
16.05.2023 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, со број УП-1-10-13 од 26.04.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 16.05.2023 го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Македонско здружение на млади правници, ул. Донбас бр. 14/1-6, 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-13 од 26.04.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен, **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Македонско здружение на млади правници, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 26.04.2023 година заверено под број УП-1-10-13 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

Двогодишни извештаи за реализација на регионалниот план за управување со отпадот за Пелагонискиот регион кои меѓуопштинскиот одбор за управување со отпадот ги изготвил за период од 2017-2023 година, и ги доставил до Советот на општината согласно членот 18-а став 7 од Законот за управување со отпадот.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

Согласно, Закон за управување со отпад до Советот на Општина Ресен не се доставени и донесени бараните двогодишните извештаи за реализација на регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот плански регион. Во согласност со членовите 24,31 и 32 од новиот Закон за управување со отпад кој е донесен и објавен во "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2021, се уште не се донесени потребните документи согласно најновите законски акти за двата региони, кои ќе имаат еден регионален систем/центар за управување со отпад, а тие се: Пелагониски плански регион и Југозападниот плански регион.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**